**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-226**
**08.08 2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2855/1 од 19.07.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-3032/5 од 08.08.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 08.08.2022 г. согласно, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка–јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ-СТАР ДОО Штип, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што на својот телевизиски програмски сервис, на 5-ти јули 2022 година, во рамки на документарната програма „Заборавени", посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецификирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2855/1 од 19.07.2022 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 64 став 1 од ЗАВМУ, радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 19-ти јули 2022 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 5-ти јули 2022 г., на регионално ниво, при што констатираше прекршување на членот 64 став 1 од ЗАВМУ.

Со редовниот надзор е констатирано дека на 5-ти јули 2022 година, ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, во рамки на документарната програма „Заборавени", посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од точка 1 од ова Решение, спецификувана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр. 10-2855/1 од 19.07.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, на 21.07.2022 г., испрати Допис наш арх.бр.10-2855/2 од 21.07.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2855/1 од 19.07.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, односно на 25.07.2022 г., ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, до Агенцијата достави Писмено изјаснување арх.бр.10-2856/3 од 25.07.2022 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 08.08.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување арх.бр.10-2856/3 од 25.07.2022 г. и заклучи на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2855/1 од 19.07.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-3032/5 од 08.08.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 08.08.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2855/1 од 19.07.2022 година.

**Доставено до:**

-ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип;
-Управителот на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува:

19.07.2022

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | 2855 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јули 2022 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 јули 2022 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија)

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 5 јули 2022 година, на регионално ниво, <u>е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги</u> (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 5 јули 2022 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, во рамки на документарната програма „Заборавени", посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија кој престојувал во селото, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик (со вкупно времетраење од 3 минути и 55 секунди).

| Наслов | Период на емитување на емисијата | | Период на емитување на изјавите | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај | |
| „Заборавени" (Вратница, прв дел) – документарна програма | 06:11:06 | 06:57:50 | 06:48:51 | 06:51:51 | Во рамки на документарната програма „Заборавени", посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик |
| | | | 06:52:19 | 06:53:14 | |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, на 5 јули 2022 година, во рамки на документарната програма „Заборавени", посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***